РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUTI NACIONAL
ORKESTRA E XHAZ MUZIKËS E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02-396/4
10.06 20 25 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член --- став (1) точка 14 од Статутот на Националната Установа Оркестар за џез музика на РСМ - Скопје, а во врска со член 40 став 2 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005;106/2008; 161/2008; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 50/2010; 52/2010; 124/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015, 27/2016, 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/2019, 267/2020 и 151/2021), Управниот одбор на 16-та седница одржана на 10.06.2025 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАДОМЕСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ ВО ЛИЧНА СОПСТВЕНОСТ И ПОТРОШЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

## Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат надоместоците за користење на музички инструменти во лична сопственост на музичарите вработени во НУ Оркестар за џез музика, кои се употребуваат за извршување на работни обврски и за потрошен материјал за музички инструменти кој установата е должна да го обезбеди за вработените.

## Член 2

На оркестарските музичари кои користат инструмент во лична сопственост при извршувањето на работните задачи, установата е должна да им исплаќа месечен надомест за користење на истиот.

## Член 3

Надоместот за користење на музички инструмент во лична сопственост, ќе се исплаќа на месечно ниво, во нето износ кој се пресметува врз основа на проценетата вредност на инструментот, односно максимално прифатената вредност на инструментот, и тоа:

1. за дувачки инструменти - 1% од проценетата вредност
2. за ударни инструменти - 1 % од проценетата вредност на инструментот
3. за работните места со работни задачи:
   - труба - флиглхорн
   - алт саксофон – флејта- кларинет, сопран саксафон
   - тенор саксофон- флејта – кларинет, сопран саксафон
   - баритон саксофон – бас кларинет - кларинет

   се додава 0,5% од вредноста на надоместокот на вториот и третиот дувачки инструмент, пијано, органа, синтисајзер, електрична гитара, контрабас, бас гитара, технички помагала (засилувач) во текот на еден месец.

Проценетата вредност на инструментот се утврдува врз основа на документ за купопродажба, фактура или фискална сметка, односно врз основа на проценка од овластен мајстор-проценител, а максималниот износ врз основа на кој ќе се пресметува месечниот нето надомест е лимитиран на вредност од 10.000 евра. При утврдување на вредноста на музичките инструменти треба да се земат предвид дотраеноста, амортизацијата и актуелната исправност на истите.

За утврдување на висината на надоместот за користење на инструмент во лична сопственост, установата ќе ангажира стручно лице проценител кој треба да поседува сертификат или мајсторска работилница од соодветната област.

Еднаш процeнетиот инструмент, може да подлежи на нова проценка на вредноста, најмалку еднаш на седум години. Потребата од нова проценка ја утврдува комисија формирана од страна на директорот, (составена од музичари/членови на оркестарот, а по потреба и надворешно вешто лице), на предлог на водачите на групи во оркестарот. Комисијата ќе биде задолжена да го контролира видот и употребата на исплатениот потрошен материјал и тековното одржување на музичките инструменти.

Установата е должна на утврдениот нето износ да го исплаќа данокот согласно важечките законски прописи.

**Член 4**

Надоместот за музичките инструменти во лична сопственост на оркестарските музичари се исплаќа 11 месеци во текот на една календарска година.

Надоместот се исплаќа на музичарите за секој месец поминат на работа и тоа по правило во тековниот месец за минатиот месец.

**Член 5**

Надоместот за користење на музички инструменти во сопственост на вработените, не се исплаќа за време на непрекинато отсуство од работа над 21 ден во месецот, поради боледување, стручно усовршување, платено или неплатено отсуство.

Во случај кога на оркестарскиот уметник, му е обезбеден музички инструмент во сопственост на установата, на истиот не му следува надоместокот од овој правилник за користење на инструмент во лична сопственост.

**Член 6**

Надоместот за користење инструмент во лична сопственост се исплаќа за едно работно место, и само на вработените музичари во оркестарот, односно не го регулира користењето на инструментите во лична сопственост од страна на хонорарно ангажирани музичари.

**Член 7**

Установата е должна на оркестарските музичари да им обезбеди, на годишно ниво, потрошен материјал без оглед дали ги вршат своите работни задачи на инструмент во лична сопственост или на инструмент во сопственост на установата (Во табеларниот преглед за потрошен материјал, со **симбол *,** означени се материјалите кои се користат и за инструментите во сопственост на установата со образложение дека нарачката за тие инструменти ќе се врши во договор со дирекцијата на Националната Установа Оркестар за џез музика на РСМ - Скопје).

Потребниот материјал за еден извршител и инструмент, е прикажан во прилог 1, составен дел на овој Правилник.

Побарување за потрошен материјал од страна на музичарите се врши со пополнување на анкетни листови, кои се проверуваат од страна на стручна комисија составена од членови од оркестарот.

Вкупната потреба за потрошен материјал се определува со мултиплицирање со бројот на извршителите по инструмент.

Нарачката на потрошниот материјал ќе се врши врз основа на спроведена постапка за јавна набавка согласно со Законот за јавните набавки и други важечки прописи. Потребните средства ќе бидат обезбедени од страна на установата преку аплицирање во годишната програма од национален интерес во Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија.

**Член 8**

Со цел обезбедување на потребниот материјал, секој вработен музичар, на неговата електронска адреса ќе добие формулар во кој треба да го запише потрошниот материјал кој му е потребен за годината која ќе биде назначена на формуларот. Рокот за пополнување на формуларот не може да биде подолг од 7 дена од денот на неговиот прием во електронска форма. Музичарот е должен, пополнетиот формулар да го испрати на назначената електронска адреса, во електронска форма.

За музичарот кој нема да го достави пополнетиот формулар во предвидениот рок, установата не презема одговорност доколку истиот не добие потрошен материјал.

**Член 9**

Распоредувањето на потрошниот материјал на вработените оркестарски музичари, се врши од страна на лицето задолжено за изработка на техничката спецификација за потрошен материјал, при што вработениот потпишува документ за прием.

**Член 10**

Употребата на потрошниот материјал, по потреба, ќе ја контролира комисијата од член 3 став (5), од овој Правилник.

Комисијата својата работа може да ја врши ненајавено во работно време на оркестарските уметници или по барање од уметничкиот раководител на Оркестарот за џез музика односно водачите на групи. За утврдената состојба од извршената контрола, како и евентуалните неправилности, со предлог за нивно отстранување и/или санкционирање, комисијата ќе состави записник, кој го доставува до директорот.

**Член 11**

Штетите на музичките инструменти настанати во текот на работниот процес, установата ќе ги санира преку ангажирање на стручно лице за поправка, а по претходно спроведена постапка за утврдување на видот на штетата и околностите под кои таа настанала.
За спроведување на постапката од став (1) на овој член, директорот на Установата за секој посебен случај формира Комисија составена од концерт мајстор, водач на група, а по потреба и надворешно стручно лице. За сознанијата во врска со настанатата штета Комисијата поднесува Извештај до директорот, со предлог за преземање на конкретни активности за санација на штетата.

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување .

Управен одбор, претседател
Сашко Николовски

**Правилник за потрошен материјал – Табеларен приказ**

Национална установа – Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија

| **Контрабас** | |
|---|---|
| **Назив** | **Парче / сет** |
| Комплет жици | 2 |
| Калафониум | 1 |
| Гриф (по потреба) | 1 |
| Средство за чистење и крпа (по потреба) | сет |
| Штимер (на 3 години) | 1 |
| Кобилица (на 2 години) | 1 |
| Жабица за гудало (на 3 години) | 1 |
| Сордина (на 3 години) | 1 |
| Кордер (на 5 години) | 1 |
| Ногара ( на 5 години) | 1 |
| Футрола (на 10 години) | 1 |
| Футрола за држење на гудалото (на 5 години) | 1 |
| Комплет чивии (на 10 години) | 1 |
| Гудало (на 10 години) | 1 |
| **Бас гитара** | |
| **Назив** | **Парче / сет** |
| Комплет жици | 2 |
| Кабли | 4 |
| **Алт саксофон** | |
| **Назив** | **Парче / сет** |
| Писки | 11 кутии или 110 писки |
| Каиш | 1 |
| Писки изработени од синтетички материјали | 2 |
| Комплет кожици | 1 |
| Комплет федери | 1 |
| Плута | 1 |
| Стегач за пифла | 1 |
| Масло за подмачкување на механизмот | 1 |
| Дезинфикатор на пифли | 1 |
| Лепенки за пифли | 12 |
| Крпи за внатрешно бришење | 1 комплет |
| Маст за плута | 1 |
| Кутија за влажност на писките (на 2 години) | 1 |
| Машинка за кратење на писки (на 5 години) | 1 |
| Хартија со пудра за кожици | 1 |

| | |
|---|---|
| Пифла (на 2 години) | 1 |
| Комбиниран држач за алт саксофон  (на 5 години) | 1 |
| Футрола (на 10 години) | 1 |
| **Сопран саксофовн** | **Парче / сет** |
| **Назив** | |
| Писки | 11 кутии или 110 писки |
| Писки изработени од синтетички материјали | 2 |
| Комплет кожици | 1 |
| Комплет федери | 1 |
| Каиш | 1 |
| Плута | 1 |
| Стегач за пифла | 1 |
| Масло за подмачкување на механизмот | 1 |
| Дезинфикатор на пифли | 1 |
| Лепенки за пифли | 12 |
| Крпи за внатрешно бришење | 1 комплет |
| Маст за плута | 1 |
| Кутија за влажност на писките (на 2 години) | 1 |
| Машинка за кратење на писки (на 5 години) | 1 |
| Хартија со пудра за кожици | 1 |
| Пифла (на 2 години) | 1 |
| Комбиниран држач за сопран саксофон  (на 5 години) | 1 |
| Футрола (на 10 години) | 1 |
| **Тенор саксофон** | **Парче / сет** |
| **Назив** | |
| Писки | 11 кутии или 110 писки |
| Писки изработени од синтетички материјали | 2 |
| Комплет кожици | 1 |
| Комплет федери | 1 |
| Каиш | 1 |
| Плута | 1 |
| Стегач за пифла | 1 |
| Масло за подмачкување на механизмот | 1 |
| Дезинфикатор на пифли | 1 |
| Лепенки за пифли | 12 |
| Крпи за внатрешно бришење | 1 комплет |
| Маст за плута | 1 |
| Кутија за влажност на писките (на 2 години) | 1 |
| Машинка за кратење на писки (на 5 години) | 1 |
| Хартија со пудра за кожици | 1 |
| Пифла (на 2 години) | 1 |

| | |
|---|---|
| Комбиниран држач за тенор саксофон (на 5 години) | 1 |
| Футрола (на 10 години) | 1 |
| **Баритон саксофон** | **Парче / сет** |
| **Назив** | |
| Писки | 11 кутии или 110 писки |
| Писки изработени од синтетички материјали | 2 |
| Комплет кожици | 1 |
| Комплет федери | 1 |
| Каиш | 1 |
| Плута | 1 |
| Стегач за пифла | 1 |
| Масло за подмачкување на механизмот | 1 |
| Дезинфикатор на пифли | 1 |
| Лепенки за пифли | 12 |
| Крпи за внатрешно бришење | 1 комплет |
| Маст за плута | 1 |
| Кутија за влажност на писките (на 2 години) | 1 |
| Машинка за кратење на писки (на 5 години) | 1 |
| Хартија со пудра за кожици | 1 |
| Пифла (на 2 години) | 1 |
| Комбиниран држач за тенор саксофон (на 5 години) | 1 |
| Футрола (на 10 години) | 1 |
| **Тромбон** | |
| **Назив** | **Парче / сет** |
| Средство за цугови (слајдомикс) | 10 |
| Маст за подмачкување | 1 |
| Масло за ротор | 1 |
| Маст за штимач | **1** |
| Течност за дезинфекција на усник | 10 |
| Четка за усник | 1 |
| Четка за цугови | 2 |
| Усник | 1 |
| Средство за полирање на металот | 6 |
| Сордина (на 3 години) | 2 |
| Комплет федери (за васерклапна и квартвентил) (на 3 години) | 1 |
| Handslide-цуг (внатрешен и надворешен) (на 5 години) | 1 |
| Футрола (на 10 години) | 1 |
| **Тапани** | |
| **Назив** | **Парче / сет** |
| Комплет палици за тапани | 12 |
| Малет палици | 4 |

| | |
|---|---|
| Торбица за палици (на 5 години) | 1 |
| Метлици | 2 |
| Футроли (на 4 години) | 1 |
| Клуч за штимање | 1 |
| Кожи комплет | 2 |
| Сет чинели (на 4 години) | 1 |
| **Латино перкусии** | **Парче / сет** |
| **Назив** | |
| Маракас | 1 |
| Кабаса | 1 |
| Каубел | 1 |
| Палици за тимбалес | 1 |
| Торбица за палици (на 3 години) | 1 |
| **Електрична гитара** | **Парче / сет** |
| **Назив** | |
| Комплет жици - метални | 10 |
| Комплет жици – пластични | 5 |
| Сталак (на 2 години) | 1 |
| Трзлици | 50 |
| Каиш | 1 |
| Прагови (на 7 години) | 1 |
| Чивии (на 7 години) | 1 |
| Футрола (на 7 години) | 1 |
| Крпа | 5 |
| Струен кабел | 1 |
| **Клавир (Клавијатури)** | **Парче / сет** |
| **Назив** | |
| Филцови комплет (на 10 години) | 1 |
| Педала за синтисајзер (на 3 години) | 1 |
| Жици (на 10 години) | 1 |
| Кабли | 2 |
| Чеканчиња (на 10 години) | 1 |
| Чивии (на 10 години) | 1 |
| Педала (на 15 години) | 1 |
| **Флејта** | **Парче / сет** |
| **Назив** | |
| Глава за флејта (на 1 година) | 1 |
| Масло за подмачкување на механизмот | 1 |
| Туба за подмачкување на сребро | 1 |
| Комплет крпи и четкици за чистење | 1 |
| Футрола за флејта (на 10 години) | **1** |

| **Кларинет** | **Парче / сет** |
|---|---|
| **Назив** | |
| Писки | 50 (5 кутии) |
| Писки за кларинет од синтетички материјал | 2 |
| Комплет кожици | 1 |
| Комплет федери | 1 |
| Плута | 1 |
| Стегач за пифла | 1 |
| Масло за подмачкување | 1 |
| Пифла - буренце (на 2 години) | 1 |
| Дезинфикатор на пифла | 1 |
| Лепенки за пифли | 12 |
| Крпи за внатрешно бришење | 1 |
| Маст за плута | 1 |
| Футрола (на 10 години) | 1 |
| Машинака за кратење на писки (на 10 години) | 1 |
| Држач за кларинет (на 10 години) | 1 |
| **Бас кларинет** | **Парче / сет** |
| **Назив** | |
| Писки | 50 (5 кутии) |
| Писки за кларинет од синтетички материјал | 2 |
| Комплет кожици | 1 |
| Комплет федери | 1 |
| Плута | 1 |
| Стегач за пифла | 1 |
| Масло за подмачкување | 1 |
| Пифла - буренце (на 2 години) | 1 |
| Дезинфикатор на пифла | 1 |
| Лепенки за пифли | 12 |
| Крпи за внатрешно бришење | 1 |
| Маст за плута | 1 |
| Футрола (на 10 години) | 1 |
| Машинака за кратење на писки (на 10 години) | 1 |
| Држач за бас кларинет (на 10 години) | 1 |
| **Труба** | **Парче/сет** |
| **Назив** | |
| Масло за вентили | 5 |
| Федери (на 2 години) | 1 |
| Маст за цугови | 5 |
| Течност за дезинфекција на усник | 10 |
| Сордина (на 4 години) | 7 |

| | |
|---|---|
| Сет за одржување на труба (на 2 години) | 1 |
| Паста за чистење и полирање (на 3 години) | 1 |
| Усник | 1 |
| Плута за сордини | 7 |
| Сталак за труба (на 2 години) | 1 |
| Футрола (на 10 години) | 1 |
| **Флигел - хорн** | **Парче/сет** |
| **Назив** | |
| Масло за вентили | 5 |
| Маст за цугови | 5 |
| Течност за дезинфекција на усник | 10 |
| Цевка за штимање (lead pipe) (на 3 години) | 1 |
| Сет за одржување на труба (на 2 години) | 1 |
| Паста за чистење и полирање (на 3 години) | 1 |
| Усник | 1 |
| Сталак за труба (на 2 години) | 1 |
| Футрола (на 10 години) | 1 |

Сашко Николовски